Согласно член 18 и 31 од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на РМ, бр. 52/2010, 135/2011 и 55/2016 и Службен весник на РСМ бр. 239/2022), **Собранието на Здружение за промоција на женската активност ТИИИИТ! ИНК. - Скопје**, на ден 23.12.2022 година, го донесе новиот пречистен текст на:

С Т А Т У Т

на

Здружението на граѓани за промоција на женската активност ТИИИИТ! ИНК. - Скопје

(Пречистен текст)

ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Здружението на граѓани за промоција на женската активност ТИИИИТ! ИНК. - Скопје, дејствува во насока на промоцијата на женските права, женската интелектуална и креативна продукција и воопшто во развојот на културната сцена и општествениот активизам во Република Северна Македонија (РСМ).

Во својата работа здружението е непартиско и непрофитно.

Член 2

Здружението има својство на правно лице и е запишано во регистарот на други правни лица во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Член 3

Полното име на здружението е **Здружение за промоција на женската активност ТИИИИТ! ИНК. - Скопје**, а кога тоа ќе биде потребно ќе се користи кратенката **ТИИИИТ! ИНК. – Скопје**.

Името на здружението на македонски јазик и кирилично писмо се наоѓаат на печатот на здружението.

За комуникација со странство здружението ќе го користи името **Tiiiit!Inc. - Skopje**.

Член 4

Седиштето на здружението е на ул. „Ристо Рават Рават Рават

Член 7

Здружението ги остварува своите цели преку:

- организирање работилници, семинари, конференции, едукативни средби, јавни трибини и дебати;
- организирање јавни интермедијални настани, фестивали, концерти, изложби, перформанси, театарски претстави, видео проекции и сл;
- формирање мрежи и платформи на активисти и професионалци од областа на дејствување;
- соработка со надлежните институции од областа на дејствување;
- соработка и имплементација на заеднички проекти со домашни и странски институциии и организации кои имаат исти или слични цели и задачи;
- континуирано следење, истражување и анализа на случувањата во областа на дејствување, во РСМ и во странство;
- издавање на печатени и електронски публикации;
- одржување веб страна, контакти со медиумите и реализација на редовни медиумски настапи за зголемување на видливоста на здружението;
- други слични форми и начини на дејствување

Член 8

За остварување на своите цели, здружението може слободно да се здружува и да формира мрежи на организации, национални и интернационални, како и слободно да истапи од нив.

ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 9

Органи на здружението се Собрание, Управен одбор и Извршен директор или извршна директорка.

Член 10

Собранието на здружението ги врши следните работи:

- донесува Статут и одлучува за промени во Статутот;
- донесува Програма за работа на здружението;

- донесува Годишен извештај, насоки и план за работа;
- усвојува Завршна сметка и Финансиски план за работа;
- ги избира и разрешува членовите и членките на Управниот одбор, при што води сметка за родовата застапеност во истиот;
- го разгледува и гласа по предлогот на Управниот одбор за избор на Извршен/на директор/ка и го/ја разрешува Извршниот директор или извршната директорка;
- избира и разрешува Претседавач или Претседавачка на Собранието;
- го усвојува Годишниот извештај за работата на Управниот одбор;
- одлучува за отуѓување на имотот на здружението;
- одлучува за промена на целите на здружението;
- одлучува за престанок на работа на здружението со 2/3 (двотретинско) мнозинство;
- одлучува за работи кои не се во надлежност на другите органи и тела на здружението;
- врши и други работи во согласност со Статутот и општите акти за здруженијата на граѓани.

Член 11

Собранието работи на седници кои ги свикува Претседавачот или Претседавачката на Собранието.

Собранието има седница најмалку еднаш годишно.

Седница на Собранието се свикува и по предлог на Извршниот директор или директорка, Управниот одбор, или на 1/5 (една петтина) од вкупниот број членови и членки на Собранието.

Ако Претседавачот или Претседавачката на Собранието во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува Извршниот директор или директорка на здружението, членовите и членките на Управниот одбор, или иницијаторите или иницијаторките.

Членовите и членките на Собранието за седницата се известуваат со писмена покана, со јавно известување истакнато во просториите на здружението или со јавно известување пренесено по достапните канали за комуникација.

Собранието по потреба формира и свикува Програмско советодавно тело.

Член 12

Собранието може да работи и одлучува доколку на седницата се присутни половина од регистрираните членови и членки на здружението.

На Собранието се одлучува со јавно гласање.

Секој член и членка на Собранието има право на еден глас.

Член 13

Собранието, по правило, одлучува со мнозинство гласови од присутните членови и членки.

Собранието одлучува со 2/3 (двотретинско) мнозинство за:

- измени на Статутот;
- промени на целите на здружението;
- престанок или спојување со друга организација или здружение.

Член 14

Во рамки на Собранието функционира Верификационата комисија која ја следи работата на Собранието.

Верификационата комисија има ограничен мандат на само едно собрание и тој почнува од моментот на нејзиниот избор, а завршува со заклучувањето на седницата на Собранието.

Член 15

Верификационата комисија ги има следните обврски:

- потврдува постоење работен кворум;

- потврдува постоење потребно мнозинство за гласање определена одлука;

- присуствува во целиот тек на работењето на Собранието и на процедурите за избор или гласање, односно во постапки во кои е предвидено нејзино присуство со посебен Правилник или друг акт;

- го потврдува записникот за тајно гласање;

- го потврдува записникот од седницата на Собранието.

Член 16

Верификационата комисија ја сочинуваат 2 (два) члена.

За член или членка на Верификационата комисија може да биде избран член или членка на Собранието со право на глас.

Член 17

Управниот одбор на здружението е составен од 3 (три) члена.

Членовите и членките на Управниот одбор се бираат со мандат од 4 (четири) години со право на еден реизбор.

Членовите и членките на Собранието не може да бидат членови и членки на Управниот одбор.

Мандатот на член или членка на Управниот одбор може да престане и пред истекот, на барање на членот или членката, или со одлука на Собранието.

Членовите и членките на Управниот одбор ги избира Собранието со мнозинство од бројот на членови и членки кои гласале, но не помалку од една третина од вкупниот број членови и членки.

Постапката за кандидирање за членови и членки на Управниот одбор ја распишува Управниот одбор најдоцна 1 (еден) месец пред истекот на мандатот на постоечките членови и членки.

Начинот на свикување на седници и работењето на Управниот одбор се уредува со Деловник за работа на Управниот одбор.

Член 18

Мандатот и ангажманот на член во Управниот одбор е волонтерски.

Со цел да се зачува организацискиот континуитет на работата на Управниот одбор, дел од членовите на Управниот одбор може да останат на должност дополнително до 1 (една) година со реизбор од страна на Собранието по реизборот од член 17, став 2.

Член 19

Надлежности на Управниот одбор се следниве:

- врши надзор и го надгледува спроведувањето на статутарните и програмските задачи на здружението, како и на одлуките и заклучоците на Собранието;
- предлага финансиски план и на Собранието му ја предлага за усвојување завршната сметка на Здружението;
- предлага измени и дополнувања на Статутот;
- одобрува битни спогодби и договори на Извршниот директор или директорка;
- донесува одлуки за награди, пофалници, признанија;
- дава задачи на Извршната канцеларија;
- донесува одлуки по приговори и жалби;
- го предлага, врши оценка и дава поддршка на Извршниот директор или директорка;
- ја претставува и промовира организацијата во пошироката јавност;
- решава за формирање комисии и тела на Здружението по предлог на Извршната канцеларија;
- по потреба распишува постапка за избор на членови и членки на Управниот одбор;
- врши и други работи кои произлегуваат од потребите на Статутот на Здружението и од Законот за здруженија и фондации.

Член 20

Извршната канцеларија ги спроведува програмските активности на Здружението. Извршната канцеларија ја сочинуваат Извршниот директор или директорка и потребниот број на персонал.

Членови и членки на Извршната канцеларија се волонтери и лица вработени во Здружението.

Членовите и членките на Извршната канцеларија не можат да бидат членови и членки на Управниот одбор.

Организацијата и работата на Извршната канцеларија се уредува со акти кои ги донесува Управниот одбор, како и со Правилникот за финансиско работење.

Член 21

Извршната канцеларија ги врши раководните, стручните и административните работи, односно ги води дневните работи и ја администрира политиката и програмите на здружението.

Извршната канцеларија:

- подготвува седниците на Собранието и на Управниот одбор;
- ги раководи и координира сите планирани активности, во рамките на утврдениот годишен план за работа и финансискиот план;
- подготвува стратешки, среднорочни и годишни програми и планови за работа и финансиски планови;
- дава предлози за формирање комисии и тела на Здружението;
- раководи со финансиските средства, мобилизира нови фондови, преговара и склучува договори со донатори;
- извршува канцелариски работи, ја чува архивата и води сметководствено евидентирање;
- ги извршува задачите зададени од Управниот одбор;
- подготвува извештаи за работата и финансиски извештаи;
- презема активности за изнаоѓање финансиски средства со цел да се исполни мисијата на Здружението;
- идентификува нови корисници, врши оценка на пријавите за финансиска поддршка, подготвува документација и се грижи за спроведување на програмските активности, врши нивно набљудување и оценување;
- одржува контакти со други организации и институции за остварување на програмските цели;
- одржува односи со јавноста.

Член 22

Правен застапник или застапничка на здружението и раководител или раководителка на Извршната канцеларија е Извршниот директор или директорка на здружението, а по негово или нејзино овластување член или членка на Извршната канцеларија.

Член 23

Назначувањето и разрешувањето на Извршниот директор или директорка го врши Собранието на здружението. Мандатот на Извршниот директор или директорка е 4 (четири) години, со право на реизбор.

Извршниот директор или директорка е одговорен односно одговорна пред Собранието и Управниот одбор.

Извршниот директор или директорка ја планира, организира и спроведува работата на Извршната канцеларија.

Извршниот директор или директорка го претставува и застапува Здружението во правниот промет и спрема трети лица.

Во случај на отсуство на Извршниот директор или директорка поради раѓање или родителство, се назначува привремена замена по регуларна процедура со објавување на јавен конкурс за избор на привремен Извршен директор или директорка. Мандатот од четири (4) години престанува да тече со почетокот на отсуството и продолжува да тече откако Извршниот директор или директорка се враќа од отсуство.

Во случај на боледување се назначува привремена интерна замена преку споделување на на интерен конкурс на кој за пријавените вработени лица во здружението гласа Собранието на собраниска седница.

Член 24

Извршниот директор или директорка на здружението ги врши следните работи:

- го застапува здружението пред трети лица;
- потпишува договори во име на здружението;
- е потписник на сметката на здружението;
- ја потпишува завршната сметка на здружението;
- врши други работи утврдени со Статутот и со останатите акти.

ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 25

Член или членка на здружението може да биде секој граѓанин или граѓанка - државјанин или државјанка на Република Северна Македонија кој или која ги прифаќа целите на Здружението наведени во овој Статут како и начините на остварување на истите.

Здружението за своите членови и членки води регистар на членство. Личните податоци на членовите и членките се заштитуваат како според Законот за заштита на личните податоци.

Во здружението можат да членуваат и правни лица регистрирани на територијата на Република Северна Македонија и во други земји, како и физички лица кои не се државјани или државјанки на Република Северна Македонија под услови и на начин определени со закон.

Секој член или членка има право да биде биран во органите на здружението и да придонесува кон неговиот развој.

Член 26

Членство во здружението престанува со писмена изјава на членот или членката, со исклучување заради кршење на одредбите на Статутот и другите акти и по одлука на Управниот одбор.

СТЕКНУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО ИМОТ

Член 27

Здружението може да се стекнува со имот на начин и под услови утврдени со закон и со овој Статут.

Средствата за работа на здружението можат да се обезбедат преку: членарина, донации, грантови, подароци, прилози, спонзорства и од приходи од стручни и други активности.

Здружението може да добива средства и од Буџетот на РСМ, буџетите на единиците на локална самоуправа и буџетот на Град Скопје, согласно со одредбите на законот.

Член 28

За стекнување на имот на здружението одлучува Управниот одбор, и истиот води евиденција за него.

ОСТВАРУВАЊЕ НА ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА

Член 29

Работата на здружението е јавна.

За работата и активностите на здружението јавноста се информира преку прес-конференции, или преку печатените или електронските материјали што ќе бидат објавени и дистрибуирани.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 30

Овој Статут може да биде изменетена начин на кој што е донесен, по иницијатива на Управниот одбор или 1/5 (една петтина) од вкупниот број на членови и членки на Собранието. Иницијативата треба да има аргументирано образложение.

Член 31

Предлог-Статутот како и предлог измените и дополнувањата се ставаат на расправа најмалку 30 дена пред неговото донесување, а се усвојуваат со 2/3 (двотретинско) мнозинство на Собранието.

Член 32

Статутот влегува во сила веднаш по неговото усвојување.

Сите акти на здружението мора да се во согласност со овој статут.

Член 33

За престанок на здружението одлучува Собранието со 2/3 (двотретинско) мнозинство од гласовите на присутните доколку:

- бројот на членови се намали под бројот потребен за основање на здружението;
- Уставниот суд на РСМ утврди дека Статутот и Програмата на здружението не се во согласност со Уставот;
- се утврди дека здружението престанало со работа; и
- во други случаи утврдени со закон.

Член 34

По престанокот на здружението, подмирувањето на обврските и бришење од Регистарот на здруженија на граѓани, имотот на здружението ќе ѝ припадне на граѓанска или хуманитарна организација.

Скопје, 23.12.2022 г.

Јана Коцевска

Извршна директорка